Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 20.06.2021

На 19.06.2021 во 23.30 часот на подрачјето на Гази Баба од страна на полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода Б.Д.(45) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена тврда материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.06.2021 во 11.00 часот во СВР Скопје, Р.П.(66) од Скопје пријавила дека на ул.„Разловечко востание" била касната од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (19/20.06.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 103 прекршоци.

На 19.06.2021 во 09.45 часот на крстосницата од ул.„Железничка" со ул.„Будва" во Охрид, патничко возило „опел", со охридски регистарски ознаки, управувано од В.Н.(34) од Охрид удрило во велосипед управуван од Е.А.(71) од Охрид. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила велосипедистката, која е пренесена во Општа болница Охрид за укажување на лекарска помош. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од СВР Охрид.

На 19/20.06.2021 СВР Штип спроведе акциска контрола во областа на сообраќајот, при што се изречени 18 мерки на возачи кои управувале возило под дејство на алкохол и 15 останати прекршоци.

На 19.06.2021 во СВР Скопје, И.С.(58) од Скопје пријавил дека на ул.„Пат за Китка" бил каснат од куче скитник.

На 20.06.2021 околу 00.05 часот на патот Р1103 Кавадарци – Неготино, кај место викано „Антена", мотоцикл „линкген 125", без регистарски ознаки, управуван од Л.Р.(37) од с.Долни Дисан, неготинско, изгубил контрола и паднал на коловозот. По незгодата Л.Р. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде му биле констатирани тешки телсени повреди. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од Полициска станица Неготино.

На 20.06.2021 во 02.00 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром"-Скопје од полициски службеници е приведена Н.Д.(29) од Австралија, бидејќи по извршена пасошка контрола и проверка во службените евиденции било констатирано дека го има пречекорено дозволениот туристички престој во Република Северна Македонија. Лицето е предадено на полициски службеници од Одделението за странци и реадмисија – Скопје за понатамошна постапка.

На 19.06.2021 околу 10.30 часот на ул.„Архиепископ Доситеј" во Прилеп, патничко возило „голф", со прилепски регистарски ознаки, управувано од И.Ч.(31) удрило во пешакот Б.Т.(34), двајцата од Прилеп. По незгодата пешакот е префрлен во Градската болница Прилеп, каде му се констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила екипа од Полициска станица Прилеп.

На 19.06.2021 18.10 часот во СВР Скопје, Г.И.(46) од Скопје пријавила дека на ул.„Франц Прешерн" нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 19.06.2021 околу 22.45 часот во Велес од полициски службеници од СВР Велес бил лишен од слобода Ѓ.Н.(23) од Велес, бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.06.2021 околу 00.35 часот во Полициска станица Радовиш било пријавено дека во угостителски објект во Радовиш, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.С.(20) од Радовиш и И.П.(19) од с.Раклиш, од една страна и С.А.(20) и М.М.(32), двајцата од Радовиш, од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.06.2021 околу 17.00 часот во СВР Скопје, В.Ж.(46) пријавила дека на Градски гробишта Бутел била нападната од куче скитник.

На 19.06.2021 во 18.35 часот на магистралниот пат Штип – Радовиш, патничко возило „форд мондео", со штипски регистарски ознаки, управувано од С.А.(40) од Германија, со место на живеење во Кочани, излетало од коловозот. По незгодата возачот и сопатниците биле пренесени во Клиничка болница Штип, каде на возачот и двајца малолетни сопатници, од кои едниот од Германија, а другиот од Кочани, им биле констатирани тешки телесни повреди, а кај сопатниците С.А.(19) и С.А.(19), и двајцата од Кочани биле констатирани телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од СВР Штип.

На 19.06.2021 во 19.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Ѓорче Петров, по претходна расправија, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Љ.(27), Б.Љ.(29) и Л.С.(19), од една страна, и К.Н.(45) и З.Н.(51), од друга страна, сите од Скопје, при што биле употребени и тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.06.2021 во 23.55 часот во Полициска станица Гостивар, Б.Р.(22) од с.Чајле, гостиварско, пријавил дека околу 22.15 часот во угостителски објект во Гостивар бил физички нападнат од И.Ј. од Гостивар. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.06.2021 во 10.05 часот во Полициска станица Струга, Л.Х.(22) од с.Радолишта, струшко, пријавил дека на 19.06.2021 , додека бил заедно со неговиот брат Н.Х. во близина на училиште во Струга, бил физички нападнат од М.Л.Б. од с.Поум и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.06.2021 во 07.15 часот на магистралниот пат А2, во близина на црквата „Св.Еразмо" во Охрид, патничко возило „рено", со охридски регистарски ознаки, управувано од Н.Б.(65) од Охрид удрило во велосипед, управуван од Д.Ш.(69) од Охрид. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, констатирани во Болницата „Св.Еразмо" Охрид, каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од СВР Охрид.

На 20.06.2021 во 00.00 часот во Полициска станица Прилеп, Т.Ј.(37) од Прилеп пријавил дека на 19.06.2021 околу 23.40 часот, во близина на аптека во Прилеп, бил физички нападнат од С.Џ. и уште неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.06.2021 во 22.26 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг на подрачјето на Карпош, по претходна расправија поради сообраќајно недоразбирање, Б.Л.(52) од Скопје бил физички нападнат од И.Т.(23) од Скопје, Б.А.(24) од с.Сарај, скопско, и уште три лица, при што биле употребени тврд и остар предмет. Според пријавеното, бил нападнат и И.Р.(26) од Скопје, при обид да ги раздели. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.06.2021 во 20.20 часот во СВР Тетово, Е.И.(39) од Тетово пријавил дека од семејниот дом се оддалечил неговиот брат Е.И.(41), кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 20.06.2021 во 02.00 часот во ОВР Прилеп, С.И.(49) од Прилеп пријавил дека на 19.06.2021 околу 21.45 часот, пред угостителски објект во Прилеп, тој и неговиот 17-годишен син, по претходно недоразбирање, биле физички нападнати од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.06.2021 во 17.21 часот во СВР Скопје, А.З.(55) од Скопје пријавил дека околу 16.30 часот во неговата продавница на подрачјето на Чаир слушнал удар во покривот, по што на подот забележал зрно од огнено оружје. Повредени лица нема, а увид на местото извршила екипа од СВР Скопје, при што зрното е подигнато за понатамошна постапка.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет